ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 57

Скопје, 25.09.2017 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 04**

**РЕФЕРАТ**
за избор на наставници во насловно звање по група предмети од областа на психологијата на Факултетот за политички науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје.

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПСИХОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 19-1039/4 од 07.09.2017 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана на 07.09.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставници по група предмети од областа на психологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Нова Македонија, на ден 30.08.2017, и во предвидениот рок се пријавија:

*1. Д-р Љупчо Ефремов*

*2. Д-р Маја Корубин Ќорлука*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за политички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***1. Д-р Љупчо Ефремов***

***Биографски податоци***

Д-р Љупчо Ефремов е роден на 29.10.1979 година во Кратово. Во 2005 година дипломирал на Филозофскиот факултет, Институт за Психологија во Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, со просечен успех 9,17. Веднаш по дипломирањето се запишал на постдипломските студии по индустриска и организациска психологија на Институтот за психологија, Филозофски факулте во Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, каде што магистрирал во 2009 година, со просечен успех 9,66 стекнувајќи се со академски степен – магистер по психолошки науки. Истата година (2009 година) се запишал на докторски студии на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, каде што по успешната одбрана на докторската дисертација во февруари 2012 година се стекнал со звањето – доктор на психолошки науки.

Неговата професионална кариера започнува пред дипломирањето на Филозофскиот факултет во Скопје во 2004 година, на истоимениот факултет во областа на психологијата. Во текот на учебната 2004/2005 година е избран за Демонстратор по предметот Социјална психологија и во истата академска година држи вежби за наведениот предмет на Филозофскиот факултет и на Правниот факултет (политички студии и новинарство). Од септември 2004 до декември 2005 работи како администратор на научно истражувачкиот проект за пострауматски стресни растројства Connect имплементиран од Институтот за психологија. Во февруари 2006 се вработува во компанијата ГфК Скопје и како резултат на покажаните одлични работни перформанси и исклучителни

постигнувања во областа бил унапреден во Менаџер за истражување. Во текот на работниот ангажман во приватниот сектор е активен учесник во проекти за подобрување на квалитет на услугите во телекомуникацискиот, банкарскиот, енергетскиот и социјалниот сектор.

Од позначајните проекти се издвојува учеството во проектниот тим за Промовирање на услуги за социјална инклузија, финансиран од ЕУ а имплементиран WYG во временскиот период Јули 2016 до февурари 2017 година. Кандидатот бил раководител на истражувањето за ниското ниво на жените на пазарот на труд, финансиран од UNWOMAN во периодот Август 2016 до Ноември 2016. Освен тоа, кандидатот учествувал како проект менаџер на истражувањето за дознаките од странство финансирано од Регионалната Програма за Истражување (http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/library/Research-Results/Regional/Consume-or-to-Self-Employ.html). Во рамките на проектот посетил Школа за квалитативно истражување во Сараево во февруари 2013 година.

Кандидатот има посетено двонеделна обука организирана од Македонија 2025 и Richard Ivey Business School - Western University од Канада и се стекнал со сертификат LEADER Entrepreneurship Program.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Љупчо Ефремов во периодот од септември 2011 до Август 2014 е ангажиран како предавач од праксата на Високата Школа за Новинарство и Односи со Јавноста. Во рамки на наставата на првиот циклус студии изведува настава по предметите: Истражување на пазар и Истражување на репутација. Во рамки на истата институција од Март 2016 е ангажиран како предавач по предметот истражување на работното место на виртуелниот кампус E-Profman за Иновативен Менаџмент, Лидерство и Стратешки Комуникации. Кандидатот од 2014 година е ангажиран на Факултетот за Деловни Економски и Организациски Науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, како наставник по клиничка настава. Имено, со Одлука за стекнување на статус на истакнат стручњак од практиката бр. 14-1465/18 од 01.09.2014 година, д-р Љупчо Ефремов е именуван како истракнат стручњак од практиката и бил вклучен во наставниот процес на ФДЕИОН и факултетот за политички науки. Во рамки на наставата на првиот циклус студии во улога на предавач изведува настава по предметите: Истражување на пазар и Статистика за психолози. Во текот на работниот ангажман на факултетот се води по наставната филозофија на универзитетот во насока да ги обезбеди студентите со солидна интелектуална и академска основа која ќе биде поддршка за развој на нивните специфични вештини, професионално однесување и етички вредности. Во текот на наставата применува холистички пристап кој подразбира интеграција на теорија и практична апликација на истата. Наставата ја креира во насока на развој на истражувачки проекти од страна на студентите со цел да ги развие индивидуалните вештини за истражување. По извршена евалуација од страна на студентите, кандидатот д-р Љупчо Ефремов има позитивна оценка од 75 проценти (од вкупно 100).

Д-р Љупчо Ефремов ги има објавено следните научни трудови за целиот период

до изборот, а за последните пет години:

- Efremov, Lj., and Vujasin, S. (2017). Eye tracking methodology as innovative tool for understanding the customer. *Macedonian International Journal of Marketing, Year 3, No. 5,* 50-55.
- Efremov, Lj., and Ribarska-Chorbeska. (2017). Balanced Scorecard in Marketing Controlling. *Macedonian International Journal of Marketing. Year 3, No. 6,* 45-49.
- Chadikovski, V., Dimov, A.,Todorovic, L., Simeonov, R., Efremov, Lj. and Petrovski, M. (2015). Retrospective comparative study primary anterior hypospadias repair using Snodgrass and Mathie methods. *Acta Morhologica, International Journal of Macedonian Association of Anatomists and Morphologists, Vol.12 (2),*75-79.
- Efremov, Lj. (2015). Where do you look when you buy pate or chocolate? Study about shopping conducted with Eye Tracking Methodology. *International Conference on theory and practice in psychology 2015.* Skopje: Faculty of philosophy.
- Vankovski, D., Dimitroska, S., Vujasin, S. and Efremov, Lj. (2015). Application of the main marketing tools, the P'S, in the case of the University Dental Clinical Center "Bojo Andreski PhD" – Skopje. *Macedonian International Journal of Marketing. Year 1, No. 2,* 56-61
- Petreski, M., Jovanovic, B., Petreski, D., Efremov, Lj., Havolli, S., Mustafa, A., Oruc, N., Smajic, S., and Kamenjas, L. (2013). *Remittances and Development in the Western Balkans: The cases of Macedonia, Kosovo and Bosnia-Herzegovina - with emphasis on crisis, gender, urban-rural and ethnicity role*. Skopje: Scholars' Press.

Конференции, семинари и едукативни активности

- Едукатор на летен камп E-Profman на студенти од Македонија, Турција и Словенија за дел иновации, Охрид, 6-8 Јули, 2017 година
- Едукатор за квалитативно и квантитативно истражување на претставници на НВО организран од Високата Школа за Новинарство и Односи со Јавноста и Вестминстер Фондацијата за Демократија, Скопје, Мај 2016 година
- Едукатор за квалитативно истражување на претставници на НВО организран од Finance Think, Скопје, Јуни 2015 година

***Општествена дејност***

Д-р Љупчо Ефремов е член на ECOMAP - Организација за унапредување на истражувањата. Исто така, кандидатот е член и на Македонското Здружение за Маркетинг.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната

активност д-р Љупчо Ефремов и одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно – истражувачка работа е континуирана и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Љупчо Ефремов ги исполнува предвидените законски услови во член 132 од Законот за високо образование на Република Македонија и член 17 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да го избере во звање *насловен доцент* по група предмети од од областа на психологијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

вон. проф. д-р Ана Томовска Мисоска
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Елизабета Мукаетова Ладински
Универзитет Лајчестер, Велика Британија

***2. Д-р Маја Корубин Ќорлука***

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука е родена на 08.05.1979 година, во Скопје. Средно образование завршила во СУ „Раде Јовчевски Корчагин„ – Скопје, со просечен успех 5,00. Образованието го продолжила на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на Катедрата за психологија. Дипломирала психологија во 2005 година, на тема „Себството во постмодерната психологија“, со просечен успех 9,14. Магистрирала на истата катедра во 2010 година, со тема „Поврзаност на петте големи фактори на личноста со задоволството од квалитетот на живот и со доживувањето на среќа“, со просечен успех 9,00.

Докторска дисертација пријавила во 2014 година, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на Катедрата за психологија. Дисертацијата на тема „Карактерните квалитети, субјективната добросостојба и општата и социјалната самоефикасност кај студенти“ ја одбранила 2015 година. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по психолошки науки.

Д-р Маја Корубин Ќорлука има завршено гешталт психотерапија во 2008 година, во рамки на Гешталт институт – Скопје. Во 2009 година се здобила со Европски сертификат за психотерапија (ESP – European Certificate for Psychotherapy) и Европски сертификат за гешталт психотерапија (EAGT – European Certificate for Gestalt Psychotherapy). Има повеќегодишна психотераписка едукација и од други психотераписки правци.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во рамки на наставно-образовната дејност на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука има изведувано настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма по психологија, по предметот Вовед во психологија.

Д-р Маја Корубин Ќорлука има објавено вкупно осум научни трудови од областа на психологијата во меѓународни научни списанија и зборници. Кандидатката има изготвено и три прирачници од областа на психологијата.

По извршена евалуација од страна на студентите, кандидатот д-р Д-р Маја Корубин Ќорлука има позитивна оценка од 74 проценти (од вкупно 100).

Научни трудови во меѓународни научни списанија и зборници, за последните пет години:

- Korubin Kjorluka, M. (2017). Relationship Between the Experience of Happiness, the Satisfaction with the Quality of Life and the Satisfactions with the Nine Categories of Life Activities. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences,* 8, 284-300.
- Korubin Kjorluka, M. (2016). Openness to Experience and Subjective Well-being among University Students in Macedonia. *Eleventh Annual International Conference on European Integration “Borders: Imagined or Real”,* 155-163.
- Korubin Kjorluka, M. (2015). Neuroticism, Extraversion and Subjective Well-being. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences,* 4, 339-348.
- Korubin, M. (2014). Openess to Experience and Quality of Life Satisfaction. *Journal of Proces Management – New Technologies, International,* Special Edition, 634-638.

***Општествена дејност***

Д-р Маја Корубин Ќорлука активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Министерството за образование и наука и на Центарот за образование на возрасните. Кандидатката остварила експертски активности во полето на образованието, со посебен акцент на неформалното образование и обука во Република Македонија. Активно е вклучена во стручни комисии и работни групи при Министерството:

- Различни комисии за верификација на посебни програми за образование на возрасните,
- Координатор на работната група за развивање на систем за валидација на неформалното и информалното учење во Република Македонија,
- Координатор на работна група за развивање на Стратегијата за образование 2017-2020 (во делот на образованието на воззрасните),
- Работна група за развивање на Стратегијата за образование на возранисте 2016-2020,
- Работна група за развивање на Стратегијата за доживотно учење 2017-2020,
- Работна група за имплементација на проектот „Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образование на возрасните„ при Министерството за образование и наука,
- Работна група за Еразмус+ проектот за „Развивање на дата база за посебни програми за образование на возрасните во Република Македонија„
- Работна група за ЕТФ проектот за „Градење на систем за валидација на неформалното и информалното учење во Република Македонија„
- Работна група за развивање на критериуми за квалитет на посебните програми за возрасни, за стекнување на знаења, вештини и компетенции.
- Кандидатката е вклучена и во многу други комисии и работни групи во полето на образованието. Таа е европски лиценциран гешталт терапевт, како и национално сертифициран обучувач на обучувачи на возрасни во Република Македонија.
- Член е на повеќе професионални тела од областа на образованието, психологијата и психотерапијата:
- Управниот одбор при Центарот за образование на возрасните, Министерство за образование и наука,
- Европската асоцијација за психотерапија (ЕАП),
- Европската асоцијација за гешталт психотерапија (ЕАГТ),
- Институтот за гешталт психотерапија во Малта (ГПТИМ),
- Македонската асоцијација за гешталт психотерапија (ИМИЏ),
- Собранието на СОС детско село Македонија,

Д-р Маја Корубин Ќорлука учествувала во уредничкиот одбор за издавање на списанието International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, како и во научниот одбор на списанието Journal of Proces Management – New Technologies, International.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Маја Корубин Ќорлука.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Маја Корубин Ќорлука поседува научни и стручни квалитети и според законските услови предвидени во член 125 од Законот за високо образование на Република Македонија и член 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето насловен доцент по група предмети од областа на психологијата.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Маја Корубин Ќорлука да биде избрана во звањето *насловен доцент* по група предмети од областа на психологијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

вон. проф. д-р Ана Томовска Мисоска
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Елизабета Мукаетова Ладински
Универзитетот во Лестер, Велика Британија

# BULLETIN

## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323